# ОСНОВИ ЗА НАДОМЕСТ НА ШТЕТА НА ЛИЦА НЕЗАКОНИТО ЛИШЕНИ ОД СЛОБОДА, ПРИТВОРЕНИ ИЛИ НЕЗАКОНИТО ОСУДЕНИ

## I.ВОВЕД

Кривична постапка се поведува секогаш кога постои основано сомневање дека определено лице сторило кривично дело, односно, ако постојат докази на кои се темели сомневањето и други услови пропишани во законот. Сомневањето кое било основа за поведување на кривична постапка во подоцнежниот период на постапката може да се покаже дека било неосновано и лицето кое било обвинето во подоцнежниот тек на постапката, да докаже дека е невин и да биде ослободено од обвинение. На тој начин со неосновано водење на кривична постапка во која има лишување од слобода на обвинетиот тој трпи штета, која не може да се смета за целосно надоместена со донесување на решение за запирање на кривичната постапка или со донесување на ослободителна или одбивателна пресуда, поради што нашиот ЗКП предвидува надоместување на штетата на овие лица.

Правото на надомест на штета поради неоснована осуда или неосновано лишување од слобода во нашата земја е регулирано во повеќе правни акти и во себе опфаќа право на јавно извинување, како и надоместување на имотната и неимотната штета која ја претрпило лицето. Во прашање е институт на надомест на штета во кривичното право потполно различен и независен од институтот надомест на штета во граѓанското право. На тој начин општеството прифаќа ризик на неоправдано поведување на кривична постапка и неоправдано лишување од слобода, иако ова треба да биде сведено на најмала можна мера иако целосно не може да биде исклучено.

Неповредливоста на слободата е еден од основните уставни принципи во нашата земја, но поради опасноста да вистинските сторители на кривични дела не останат неказнени, нашата држава слично како и сите современи држави го прифаќаат институтот надомест на штета во случај на неоснована осуда, независно од тоа дали до неа дошло без грешка на судот, или по вина на судот. Во така неосновано водени кривични постапки против невини лица, во текот на постапката лицето може да биде лишено од слобода, да му биде определен притвор и слично, а со тоа да е повредено уставно гарантираното право на слобода, чест и углед, што е основа за надомест на претрпената штета.

## II. ПРАВНИ ИЗВОРИ

Неоправдатана осуда или незаконитото лишување од слобода Уставот на Република Македонија го смета за груба повреда на човековите права на граѓаните, поради што во глава II од Уставот, во која се уредени основните слободи и права на човекот и граѓанинот, односно граѓанските и политичките слободи и права го уредил ова прашање. Па така во член 13 од Уставот на Република Македонија, е предвидено право на надомест на штета на лице незаконито лишено од слобода, притворено или незаконито осудено. Предвидена е можност со закон да се предвидат и други права. [1]

Уставот на Република Македонија употребува термин надомест на штета, кој како правен поим подразбира дека штетата може да биде дејствително претрпена (стварна штета), но и како изгубена заработувачка. Потоа, може да биде како имотна така и неимотна штета.

Надоместот на штета од неоснована пресуда детално е разработена како во материјално – правна, така и во процесно - правна смисла со одредбите од главата XXXIV од Законот за кривичната постапка, која гласи: „Постапка за надомест на штета, рехабилитација и за остварување на другите права на лица неоправдано осудени и неосновано или незаконито лишени од слобода“. [2]

Правото на надомест на штета на лице неоправдано осудено, или неоправдано лишено од слобода, или незаконито или неоснован притворено, секогаш се пресудува по член 528 од Законот за кривичната постапка, а обемот и начинот на надоместокот се определува согласно одредбите од Законот за облигационите односи. Притоа, судот ги цени околностите кои постојат во време на донесувањето на првостепената пресуда. Потребно е да се нагласи дека институтот надомест на штета во казненото право е потполно различен од надоместокот на штета во граѓанското право. Овие три правни акта (Уставот на РМ, ЗКП и ЗОО), се националната правна рамка за законското регулирање на правниот институт за надомест на штета од неоправдана осуда.

Постојат повеќе правни акти на меѓународното право на кој што Република Македонија им има пристапено, а кои што директно се однесуваат на правото на надомест на штета во случај на неоснована осуда, притвор или противправно лишување од слобода. Па така, еден од позначајните меѓународни правни акти е Меѓународниот пакт за граѓански и политички права [3]. Од овој правен документ произлегува дека основа за надоместување на штета во случај на судска заблуда е неоснованото лишување од слобода, неосновано или незаконито определен притвор или неоснована осуда во која осудениот ја издржал казната затвор, или отпочнал издржување.

Исто така, според Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи[4], во гарантираните право на слобода и безбедност, секое лице кое било жртва на апсење или притварање спротивно на одредбите на Конвенцијата, има право на надомест на нематеријалната штета. Натаму, ова право е разработено и во Протоколот број 7 кон Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи, според која е пропишано право на надомест на штета за случај на судска заблуда[5]

Оваа регулатива е во примена во Република Македонија по потпишувањето на Конвенцијата и нејзината ратификација во Собранието на Република Македонија и овие правни документи претставуваат дел од правниот систем на Република Македонија како држава потписничка на Конвенцијата.

Врз основа на вака востановената правна рамка на институтот надомест на штета на неоправдано осудените лица, може да се констатира дека овие правни извори употребуваат различни правни термини. Па така, Уставот конституира право на надомест на штета на „незаконито осудено

лице“.  Законот за кривичната постапка, користи термин „неоправдано осудено лице, спрема кое правосилно е изречена кривична санкција“. Меѓународниот пакт употребува термин „незаконито лишување од слобода, или притварање“ и истото го поврзува со постоење на судска грешка. Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи, пак надоместот на штетата ја поврзува со постоење на судска заблуда, но осудата ја поврзува само со изречена казна лишување од слобода, односно Европската конвенција конституира обештетување само во случај на „апсење или притварање“ спротивно на овој член.

Протоколот број 7 пропишува: „Надоместувањето на штетата да се случи само во случај на судска заблуда и тоа на лицето кое ја издржувало казната затвор, како последица на таквата пресуда треба да добие обештетување во согласност со законот или практиката на државата за која станува збор“.

Од ова може да се заклучи дека меѓународните стандарди кои не обврзуваат како Држава, пропишуваат надоместување на штета од неоправдана осуда и само од незаконито апсење (издржување казна затвор и притварање спротивно на Националното право).

Токму употребените различни правни термини во овие правно релевантни извори на право на надомест на штета на неоправдано осудените лица, создаваат дилеми во судската пракса. Ова затоа што секогаш правната прецизност во правните акти, или таканаречениот јазик на правото, употребените правни изрази кога се јасни и прецизни, секогаш тие се во функција на правната сигурност на граѓаните, останатото останува правниот израз да се толкува од страна на судот, што може и да доведе до различна судска пракса.

## III. СУДСКА ПРАКСА

**1.** Во судската пракса за институтот надомест на штета поради неоправдана осуда, неоправдано лишување од слобода и неоснован притвор се среќаваат следните правни ситуации:

- Тужбени барања за надомест на штета од лица, поради незаконито лишување од слобода (задржување во Полициска станица и слично);
- Барање за надомест на штета од лица кои биле во притвор, а не дошло до поведување кривична постапка, или кривичната постапка со решение да била запрена, односно со правосилна пресуда лицето да е ослободено од обвинение или обвинението е одбиено.
- Од лица кои издржувале казна затвор (лишување од слобода), а по повод вонреден правен лек во повторената постапка е донесена пресуда со која што лицето е ослободено од обвинение, или му е изречена казна во пократко траење од казната што ја издржал, или му е изречена кривична санкција која не се состои од лишување на слобода или е применет институтот ослободување од казна.

За сите овие правни ситуации постои јасно изразена и богата судска пракса, во која судовите досудуваат надомест на штета поради неоправдана осуда. Судовите со таквите одлуки даваат покрај морална статисфакција на лицето кое било неосновано осудено, исто така му надоместуваат за неоправданото страдање и паричен надоместок на терет на Буџетот на Република Македонија. Значи, судската пракса признава во секој случај надомест на штета на лица кои се неосновано лишени од слобода, издржувале неосновано казна затвор и без основ се задржани во притвор. По овие основи, судската пракса на сите судови во Република Македонија е усогласена со праксата на Врховниот суд на Република Македонија кој со бројни свои одлуки се има произнесено за надоместокот на овие видови на штета.

**2.** Исто така судовите бележат судска пракса на поставено тужбено барање кое се темели на судски одлуки во кои лицето било правосилно осудено за кривично дело и му била изречена казна затвор која што отпочнал да ја издржува или бил лишан од слобода, односно определена мерката притвор. Меѓутоа, подоцна по вонреден правен лек, вонредно преиспитување на пресудата, правосилната пресуда е укината од Врховниот суд на Република Македонија. Подоцна, во повторената постапка пред првостепениот суд, лицето е ослободено од обвинение, а таа одлука станала правосилна. Во овој случај на оштетениот му се досудува штета како единствен износ и по овој основ постои единствена, усогласена и богата судска пракса.

**3.** Постојат тужбени барања за надоместување на штета од лица кои биле правосилно осудени, но не биле ниту во притвор нити започнале со издржување на казната. Пониските судови застанале на правно становиште [6] дека во случајот лицето има право на надомест на нематеријална штета поради неоправданата правосилна осуда, посебно имајќи во предвид дека тој претходно правосилно бил осуден на казната затвор (која не отпочнал да ја издржува, забелешка МР), но по вонреден правен лек дополнително е ослободен од обвинение. Судовите наоѓаат дека во конкретниот случај постои правосилно изречена кривична санкција во која што лицето било огласено за виновно, со правосилна пресуда, а со тоа симната е уставно гарантираната презумција на невиност, со што лицето претрепо душевна болка поради повреда на честа, угледот и поради повреда на правата и слободите. Вака изразеното правно становиште на пониските судови не било предмет на оценка по повод ревизија вложена од Државниот правобранител на Република Македонија, со оглед на висината на досудениот надоместок на штета кој не го исполнувал утврдениот цензус за вложување ревизија.

Во врска со ова правно прашање од важност е да се определи терминот „неоправдана осуда“на лице спрема кое била правосилно изречена кривична санкција како основа на надомест на штета и условите кои треба да бидат исполнети за да определено лице има право на надомест на штета, иако лицето не било ниту во притвор, нити отпочнал да издржува казната затво. Терминот неоснована и неправедна осуда го определува Законот за кривичната постапка, кој пропишал конкретни услови, а тоа се:

обвнетиот да е правосилно осуден, при што не се поставува условот пресудата да е и извршена;

на обвинетиот да му била изречена некоја од предвидените кривични санкции – казна;

да е подоцна по повод вонреден правен лек во повторената постапка ослободен од обвинение, или обвинението да е одбиено, или постапката со решение да била запрена;

да не постојат законски предвидените услови за исклучување на правото на обвинетиот да бара надомест на штета, а кои се таксативно наброени во Законот за кривичната постапка, [7].

Како што напред утврдивме дека Уставот на Република Македонија и Законот за кривичната постапка, се исклучиви, категорични и признаваат право на надомест на штета на лица кои се неоправдано осудени, а по повод повторена кривична постапка, или во барање заштита на законитоста, се ослободени од вина, односно од обвинение. Одговорноста за овој вид на штета се заснова на објективни околности и не е од важност дали до неоснованата осуда дошло без грешка на судот. Институтот за надомест на штета на неоправдено осудените лица се применува, односно се надоместува штета и кога дојде до неоснована осуда без грешка на судот.

На овој начин нашето национално право гарантира повисок стандард од меѓународно утврдените стандарди за надоместување на штета кој признаваат штета само во случај на незаконито лишување од слобода, притвор или издржување на казна затвор по пресуда која дополнително по повод вонреден правен лек е анулирана. Во нашето право правна основа за надомест на штета од неоправдана осуда може да биде и правосилна пресуда во која е утврдена вина, независно дали таа е извршена, но важно е да по повод вонреден правен лек лицето во повторената постапка да е ослободено од секаква вина.

**4.** Во Република Македонија не постојат ниту законски, ниту материјално правни услови државата да исплатува надоместок на штета на лица поради неоправдано водење на кривична постапка, односно кои во редовна постапка се осудени, но по повод жалба со одлука на второстепениот суд се ослободени од обвинение. Ова, затоа што како што е погоре изнесено, надоместот на штетата се однесува само за неоправдено осудени или неосновано лишени од слобода лица, како специфично уредена постапка во Законот за кривичната постапка. Во случај ако во текот на таа постапка не дошло до лишување од слобода, ниту е определен притвор, ниту е донесена правосилна осудителна пресуда, на овие лица не се надоместува штетата, иако од неоправдано водената кривична постапка обвинетиот претрпел штета, тој нема право на надомест на таа штета.

Се смета дека ова законско решение е условено со следните аргументи:

а) доколку се инсистира на стандард за апсолутна ефикасност на кривичниот прогон (секое поведување на кривична постапка против лица за кое не е докажана вина во кривичната постапка), да биде основ за надомест на штета, во тој случај би можело да се доведе до пасивизација на органите на кривично гонење, до нивно воздржување од превземање на процесни активности, што исто така може да има негативни последици во општеството во целина;

б) Ова решение во Уствот и законите, засега е условено и со лошите материјални услови на општеството, за што и во многу побогати држави од нашата, не е проширено надоместувањето на штетата на сите категории осудени лица, односно и на оние осудени во редовна постапка, а по повод жалба на првостепената пресуда дошло до ослободителна пресуда и тие да имаат право за надомест на штета од државата.

в) во иднина може да се очекува дека државата со јакнењето на својата материјална основа ќе донесе законско решение и ќе ја надоместува штетата и на оваа категорија на лица, доколку неоправдано и без доволно сигурни докази водела кривична постапка.

Од изнесеното произлегува дека во досегашната судска пракса, кога во редовна кривична постапка ќе се донесе пресуда, со која обвинетиот се огласува за виновен, а која не станала правосилна, но подоцна се докаже дека кривичната постапка е неосновано водена, според одредбите на Законот за кривичната постапка, не се признава надомест на штета за неоправдано водената кривична постапка, туку само ако во неа била определена мерката притвор.

Надоместот на штета имаат само неосновано осудените лица, неосновано лишените од слобода или притворени лица, неосновано правосилно осудени лица кои имаат право на материјална награда, односно имотна и неимотна штета, но и морална накнада јавно извинување.

Со оглед на тоа што во последно време постојат судски случаи кои пред нивната правосилност и без да се почитува презумпцијата на невиност која што е гарантирана со нашиот Устав и со Законот за кривичната постапка, сепак определени случаи се експлоатирани во средствата за јавно информирање, а сето тоа претставува тежок напад на интегритетот на личноста. Во тие случаи оштетениот има право на надомест на нематеријална штета спрема Законот за облигационите односи, но тој надомест се однесува на према новинската куќа која што го објавила текстот, или радио – дифузниот сервис кој објавувал содржини без да се почитува презумцијата на невиност.

## IV.РЕЗИМЕ

Според Уставот на Република Македонија општеството прифаќа ризик на неоправдано поведување на кривична постапка и неоправдано лишување од слобода, иако тоа треба да се сведе на минимум бидејќи не е реално да очекуваме дека целосно ќе биде исклучено. Сомневањето кое било основ за поведување на кривична постапка во подоцнежните периоди често се покажува дека било неосновано. Значи, станува збор за посебен Уставен институт кој детално натаму е разработен во Законот за кривично постапка, за надоместок на штета. Тој надомест може да биде од имотна и неимотна природа, односно материјална и нематеријална штета, а може да се состои од јавно извинување. За постоење и основано барање за надомест на штета ирелевантна е причината за неоправданата осуда, или неосновано лишување од слобода, но во секој случај треба да постојат граѓанско правните претпоставки за одговорноста на штета, а тоа е постоење на штета, штетно дејствие, причинска врска и

противправноста на дејството кои не се без значење во примената на овој институт за надомест на штета.

Во текстот беше обработено само правото на надомест на штета кога тоа право следува на оштетениот и притоа е нагласено дека основи за надомест на штета може да биде само неосновано лишување од слобода, неосновано и незаконито определен притвор, неоснована правосилно изречена кривична санкција, а државата не исплатува штета за неопрадано водена кривична постапка во која обвинетиот е огласен за виновен, но по повод жалба во редовната постапка е ослободен од обвинение. Во текстот не беа опфатени ситуациите кога според одредбите од глава XXXIV од Законот за кривичната постапка, не следува надомест на штета, односно случаи кога и покрај постоење на неоснована осуда и сл. се исклучува правото на штета што ќе биде основа за нов текст.

## V.ПРЕГЛЕД НА СУДСКАТА ПРАКСА

### Од праксата на Врховниот суд на Република Македонија

„Фактот што тужителот бил неосновано лишен од слобода за времетраење на воспитна мерка во воспитно поправна установа, не го ослободува судот од обврската да изведува докази од кои ќе утврди дали тужителот претрпел штета заради повреда на честа, угледот и правото на слобода“.

**Решение Рев.бр.702/06 од 14.11.2007 година на Врховниот суд на Република Македонија.**

**„**На тужителот му следува надомест на нематеријална штета поради претрпени душевни болки, поради повреда на угледот, честа, слободата и правото на личноста, поради неоснованото лишување од слобода, кое било со јачина од јак интензитет и за време на престојот во притвор во времетраење од 3-три месеци и 7-седум дена, кој интензитет се намалувал по излегувањето од притвор,а притоа соочувајќи се со презирот на околината и со социјалната изолација, поради што правилно му е определен справедлив паричен надоместок во согласност со значењето на повреденото добро и целта за која служи овој надомест“.

**Пресуда Рев.бр.1128/07 од 05.11.2008 година на Врховниот суд на Република Македонија.**

**„**Душевниот бол кај тужителот се манифестирал додека бил во притвор до неговото ослободување, како и извесно време по излегувањето од притвор,а по вклучувањето во секојдневните активности на тужителот истиот слабеел и се губел поради несонованото лишување од слобода и повредата на честа и угледот, а утврдената висина не претставува справедлив паричен надомест, туку зголемениот износ од 100.000,00 денари е справедлив и е во согласност со значењето на повреденото добро и целта за кој служи овој надомест“.

**Пресуда на Врховен суд на Република Македонија Рев.бр.111/2007 од 14.03.2008 година.**

„Право на надомест на штета поради неоправдана осуда има лице кое со правосилна пресуда е огласено за виновно за сторено кривично дело, а подоцна по повод вонреден правен лек во новата постапка парвосилно е запрена, или со правосилна одлука е ослободено од обвинение“.

**Рев бр.707/2005 од 01.11.2006 година на Врховниот суд на Република Македонија**.

„Самото водење на кривичната постапка против тужителот не претставува основ за надомест на штета ако не се исполнети и условите предвидени во член 526 од Законот за кривичната постапка“.

**Рев.бр.1105/2008 од 01.07.2009 година на Врховниот суд на Република Македонија**.

„Не може да се бара надомест на штета за душевна болка што е претрпена како последица на водена судска постапка од лице кое го иницирало поведувањето на таа постапка“.

**Рев.бр.1281/1995 од 06.11.1996 година на Врховниот суд на Република Македонија.**

„Надомест на штета не му припаѓа на лице кои со своите недозволени постапки предизвикало лишување од слобода“.

**Пресуда на Врховниот суд на Република Македонија Рев.бр.748/07 од 03.07.2008 година.**

**Д-р Милка Ристова**
**Судија на Врховниот суд на Република Македонија**

---

[1] Член 13 од Уставот на Република Македонија (донесен на 17 ноември 1991 година), која гласи: „Лицето обвинето за казниво дело ќе се смета за невино се додека неговата вина не биде утврдена со правосилна судска одлука. Лицето незаконито лишено од слобода, притворено или незаконито осудено има право на надомест на штета и други права утврдени со законот“.

[2] Член 528 став 1 од Законот за кривична постапка („Службен весник на РМ“ бр.15 од 07.03.2005 година), кој гласи: „Право на надомест на штета поради неоправдана осуда има лице спрема кое била правосилна изречена кривична санкција или кое е огласено за виновно и ослободено од казната, а подоцна по повод вонреден правен лек новата постапката правосилно е запрена, или со правосилна пресуда е ослободено од обвинение, или обвинението е одбиено освен во случаите определени со овој закон“.

[3] Меѓународен пакт за граѓански и политички права од 16.12.1966 година, на кој меѓународно правен акт Република Македонија му пристапи со членот 5 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија. Според член 14 став 6 од овој меѓународен правен документ, е определено: „Ако изречената кривична пресуда подоцна биде поништена, или ако осудениот добие помилување затоа што новите или подоцна утврдените факти докажуваат дека се работи за судска грешка, личноста која ја издржала казната на основа на таа пресуда треба да биде обештетена према законот, ако не се докаже дека потполно или делумно таа е виновна за неоснованото откривање на непознатите факти кој довеле до поинаква одлука“.

Во член 9 точка 5 од Меѓународниот пакт е пропишано: „Кој бил жртва на незаконито лишување од слобода или незаконит притвор има право на компензација“.

[4] Види член 5 став 5 од Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи, која гласи: „Секое лице кое било жртва на апсење или притворање спротивно на одредбите на овој член има право на обештетување“.

[5] Протокол број 7 кон Конвецнијата за заштита на човековите права и основните слободи, во член 3 пропишува: „Право на надомест на штета во случај на заблуда, став 1, кога некое лице, според конечната одлука, е осудено за кривично дело и кога подоцна таа казна ќе се поништи или биде простена по основ на нови или дополнително утврдени факти, кои убедливо покажуваат дека тука се работело за судска заблуда, лицето кое ја издржувало казната како последица на таквата пресуда треба да добие обештетување во согласност со законот или практиката на државата за која станува збор, ако не се докаже дека самото тоа лице потполно или делумно оневозможило тие непознати факти да се откријат на време“.

* Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи и Протоколот број 7, се објавени во Зборникот на документи, втор дел, „независно судство“, од група автори Скопје 2000 година страна 141 и 207.
* Меѓународниот пакт за граѓански и политички права – Југословенска ревија за меѓународно право бр.1 -2/1989 година – документација страна 169.

[6] Види П.бр.366/07 од 04.12.2009 година на Основен суд Штип и ГЖ.бр.607/2010 од 04.12.2009 година на Апелациониот суд Штип.

[7] Види член 578 став 1 точка 1 и 2 и став 2 и 3 од Законот за кривичната постапка.